Друштво за ревизија
ПКФ ЕФП ДОО
Бр. 08-44/4
13.03 2023 год.
СКОПЈЕ

**Агенција за регулирање на железничкиот сектор, Скопје**

# Финансиски извештаи и Извештај на независниот ревизор

ЗА ГОДИНАТА ШТО ЗАВРШУВА НА 31.12.2022 ГОДИНА

**Март, 2023**

**Содржина**


ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР....2

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ....4

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА СРЕДСТВАТА, ОБВРСКИТЕ И ФОНДОВИТЕ....5

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ....6

1 ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ....6

2 ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА....7

3 ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ....7

4 ПРИХОДИ ОД УСЛУГИ....9

5 МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ И УСЛУГИ....10

6 ДРУГИ РАСХОДИ....10

7 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ....11

8 ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА....11

9 НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА....11

10 ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ....12

11 ПОБАРУВАЊА ЗА ГОДИШНА ТАКСА....12

12 ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА И АВР....13

13 ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА....13

14 ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ....13

15 ОБВРСКИ СПРЕМА ДРЖАВАТА....13

16 ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ....14

17 ПАСИВНИ ВРЕМЕСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА....14

18 ДАНОК НА ВКУПЕН ПРИХОД....14

19 НЕИЗВЕСНИ ОБВРСКИ....14

20 НАСТАНИ ПО ДАТУМОТ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ....15

**До**

Раководството и Управниот одбор на

Агенција за регулирање на железничкиот сектор, Скопје

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор, Скопје (во понатамошниот текст Агенцијата), кои вклучуваат биланс на состојбата на ден 31.12.2022 година и билансот на приходи и расходи за периодот кој што завршува на тој ден и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

**Одговорност на менаџментот за финансиските извештаи**

Менаџментот е одговорен за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации. Оваа одговорност вклучува обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

**Одговорност на ревизорот**

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија прифатени и објавени во Службен весник на Република Северна Македонија бр. 79 од 11 јуни 2010 година. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

***Мислење***

Според нашето мислење, финансиските извештаи во сите значајни аспекти даваат вистинита и објективна слика за финансиската состојба на 31.12.2022 година, и приходите и расходите за годината која завршува на тој ден во согласност со Законот за сметководство за непрофитни организации во Република Северна Македонија.

Скопје, 13.03.2023 година

За ПКФ ЕФП ДОО

Овластен ревизор кој ја вршел ревизијата

Миов Николаки

Управител

Николаки Миов

ДРУШТВО ЗА РЕВИЗИЈА ПКФ ЕФП ДОО СКОПЈЕ

*ПКФ ЕФП ДОО е членка на PKF Global, мрежа на законски независни фирми и не прифаќа никаква одговорност или обврска за дејствијата или воздржувањето од дејствија на која било поединечна членка или кореспондентна фирма или фирми*

# ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА ГОДИНАТА КОЈА ЗАВРШУВА НА 31.12.2022

# Агенција за регулирање на железничкиот сектор, Скопје

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

(во илјади денари)

| | белешки | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | **18.062** | **15.477** |
| Приходи од услуги | (4) | 7.639 | 7.734 |
| Пренесен дел од вишокот на приходи | | 10.424 | 7.743 |
| **Расходи** | | **(6.480)** | **(4.986)** |
| Материјални расходи и услуги | (5) | (707) | (806) |
| Други расходи | (6) | (2.490) | (1.565) |
| Капитални расходи | (7) | (304) | (49) |
| Плати и надоместоци од плати | (8) | (2.979) | (2.566) |
| **Приходи над одливи пред оданочување** | | **11.583** | **10.491** |
| Данок на вкупен приход | | (66) | (67) |
| **Нето приходи над расходи** | | **11.516** | **10.424** |

Финанските извештаи се одобрени од страна на Управниот Одбор на Агенцијата со одлука бр 02-40/11 од 24.02.2023 година.

За Агенција за регулирање на
железничкиот сектор, Скопје

*Белешките се составен дел на финансиските извештаи.*

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА СРЕДСТВАТА, ОБВРСКИТЕ И ФОНДОВИТЕ

(во илјади денари)

| | белешки | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | (9) | **1.241** | **1.249** |
| Материјални средства | | 1.241 | 1.249 |
| | | | |
| **Тековни средства** | | **16.489** | **17.517** |
| Пари и парични еквиваленти | (10) | 11.668 | 10.392 |
| Побарувања за годишна такса | (11) | 4.800 | 7.104 |
| Останати побарувања и АВР | (12) | 21 | 21 |
| **Вкупно средства** | | **17.729** | **18.766** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| **Извори на деловни средства** | (13) | **1.241** | **1.249** |
| Деловен фонд | | 872 | 943 |
| Ревалоризациона резерва | | 369 | 306 |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | **4.972** | **7.093** |
| Обврски спрема добавувачи | (14) | 354 | 110 |
| Обврски спрема државата | (15) | 66 | 75 |
| Останати краткорочни обврски | (16) | 252 | 304 |
| ПВР | (17) | 4.300 | 6.604 |
| **Дел од вишокот на приходи за пренос во наредната година** | | 11.516 | 10.424 |
| **Вкупно извори на средства и обврски** | | **17.729** | **18.766** |

За Агенција за регулирање на железничкиот сектор, Скопје

*Белешките се составен дел на финансиските извештаи.*

# БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

## 1 ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

***Општи податоци***

Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор (во понатамошниот текст: Агенцијата) е основана согласно член 4 став 1 од Законот за Агенцијата за регулирање на пазарот на железнички услуги (Сл. Весник на РМ бр. 7 од 15.01.2008 година) со првичен назив "Агенција за регулирање на пазарот на железничките услуги" како самостојно и непрофитно правно лице со јавни овластувања утврдени со Законот за железничкиот систем (Сл. Весник број 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/2016, 178/2016, 64/18 и 302/20)

За периодот на кои се однесуваат финансиските извештаи Агенцијата работите од својот делокруг ги извршува во согласност со Законот за железничкиот систем и Статутот на Агенцијата.
Во својата работа и при донесување на одлуки во рамките на своите овластувања, Агенцијата е независна од други државни органи или други јавни правни лица или трговски друштва што вршат дејност од областа на железничките услуги.

Агенцијата за својата работа одговара пред Собранието на РСМ.
Основната дејност на Агенцијата согласно Законот за Агенцијата за регулирање на пазарот на железничките услуги е:

- Обезбедување увид и непристрасно извршување на дејностите во железничкиот превоз, кои се вршат како услуги од јавен превоз
- Транспарентно и недискриминаторско работење на управителот на инфраструктурата и железничкиот превозник.

Надлежностите на Агенцијата се утврдени согласно член 97 од Законот за железничкиот систем (Сл. Весник број 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/2016, 178/2016, 64/18 и 302/20)

Целосен назив на субјектот: Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор, Скопје
Седиште: Ул. Мито Хаџивасилев Јасмин бр. 52-1/4, Скопје,
ЕДБ : 4080009501060
ЕМБС : 6458807
Овластено лице: Боре Еркечов
Претежна дејност: 84.13 Управување и давање помош за поуспешно деловно работење
Организационен облик: 04.1 - агенција
Датум на основање: 01.01.2009

***Раководство***

Органи на Агенцијата согласно член 100 од Законот за железнички системи (Сл. Весник број 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/2016, 178/2016, 64/18 и 302/20) се Управен одбор и директор на Агенцијата. Согласно член 101 став 1 од Законот за железнички системи Управниот одбор се состои од три члена од кои еден е претседателот на Управниот одбор. Од 15.06.2019 година, Управниот одбор на Агенцијата има само еден член и тоа, претседателот на Управниот одбор, чиј мандат завршува на 14.04.2021. Со Одлука донесена на 29.07.2021 (Сл. Весник број 173/21) Собранието на Република Северна Македонија ги именува новите членови на Управниот одбор: Раде Лазаревски како претседател и Ангел Наковски и Бујар Зендели Гафури како членови.

Директор и лице овластено за застапување на Агенцијата: Боре Еркечов

Средствата за работа на Агенцијата се обезбедуваат од:

- годишна такса за регулирање на пазарот на железнички услуги,
- сопствени средства,
- донации и заеми и
- други средства.

## 2 ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА

Финансиските извештаи се подготвени во согласност со Законот за сметководство за непрофитни организации и Правилникот за сметководството за непрофитните организации.

Финансиските извештаи се засновани на сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени односно трансакции и на претпоставката за континуитет. Финансиските извештаи се подготвени во согласност со усвоените сметководствени политики обелоденети во белешката три.

Функционална валута на Агенцијата е македонскиот денар.

Финансиските извештаи се прикажани во илјади македонски денари и се изготвени врз основа на податоците од работењето за годината кој завршува на 31.12.2022 година споредени со податоците за годината која завршува на 31.12.2021.

## 3 ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Основните сметководствени политики применети при составувањето на овие финансиските извештаи се следните:

### 3.1 Признавање на приходи

Приходите се признаваат според сметководственото начелото на модифицирано настанување на деловни промени односно трансакции. Приходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно. Приходите се расположиви кога се остварени во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот периодот под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.

Приходите од камати се признаваат соодветно на времето кое што го рефлектира ефективниот принос на средства.

### 3.2 Признавање на расходи

Расходите се признаваат според сметководственото начелото на модифицирано настанување на деловни промени односно трансакции, односно се признаваат во пресметковниот период во кој што настанале или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

Расходите за камати кои настануваат во врска со позајмувањето на средства или кредитирање од страна на други субјекти се признаваат во периодот во кој настануваат и за кои се однесуваат.

### 3.3 Капитални расходи

Капиталните расходи се признаваат кога набавените средства ја зголемуваат очекуваната идна економска полезност од нематеријалните средства. Капиталните расходи се евидентираат кога се набавуваат фиксни средства или истите се доработуваат со што се додава вредност на веќе постоечките фиксни средства. Истите се евидентираат како средство во билансот и се евидентираат во деловниот фонд на Агенцијата.

### 3.4 Пресметување на странски средства за плаќање и сметководствен стретман на курсните разлики

Пресметка на сите побарувања и обврски во странски средства за плаќање во нивната денарска противвредност, се извршува по средниот курс важечки на денот на билансот на состојба.

Позитивните и негативните курсни разлики што настанале со пресметка на побарувањата и обврските во странски средства за плаќање во нивната денарска противвредност се искажани во билансот на успех како приходи, односно расходи од финансирање во годината на која се однесуваат.

Вредноста на користените странски валути на 31.12.2022 е следна:

| Валута | 2022 МКД | 2021 МКД |
|---|---|---|
| 1 ЕУР | 61,4932 | 61,6270 |

### 3.5 Недвижности, постројки и опрема

Едно средство се признава како опрема кога е сигурно дека субјектот го поседува истото и дека од него ќе остварува идни економски користи и кога трошоците за негово стекнување можат објективно да се измерат.

Набавната вредност на едно средство ја сочинуваат трошоците за негово стекнување, во кои влегуваат:

- фактурна вредност на средството (намалена за евентуалните попусти и рабати);
- царините и даноците при неговата набавка;
- трошоци за подготвување на местото;
- иницијални трошоци во врска со испорака и ракување;
- трошоци на монтажа и
- надомести на експерти поврзани со средството.

Вредноста на средствата до 300 евра во денарска противвредност се евидентира како ситен инвентар.

Пресметката на амортизација е според праволиниска метода на отпис според пропишаните годишни стапки на амортизација за 2022 година се следните:

| **Опис** | **2022** | **2021** |
|---|---|---|
| Компјутери и останата опрема | 14-20% | 14-20% |
| Мебел | 10% | 10% |

## 3.6 Побарувања

Побарувањата се признаваат според пресметаните договорни износи кои произлегуаат од деловните трансакции, согласно законските прописи.

## 3.7 Пари и парични еквиваленти

Парите и паричните еквиваленти се состојат од паричните средства во благајна, на трансакциски сметки, до тримесечни депозити во банки, паричните средства во благајната и на сметките во домашна валута се прикажуваат во номинален износ, а во странска валута во денари според курсот на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на билансирањето.

## 3.8 Обврски кон добавувачи и останати обврски

Обврските кон добавувачи и останатите обврски се искажуваат во висина на номиналните износи што произлегуваат од деловните трансакции.

## 3.9 Фондови и резерви

Фондовите претставува сопствени трајни извори на средства за работење на Агенцијата, кој ги опфаќа иницијалните, како и дополнително вложените средства. Акумулираната добивка се искажува издвоено од капиталот и ги опфаќа сите нераспоредени добивки до денот на билансот на состојба. Непокриената загуба се искажува издвоено од капиталот и ги опфаќа сите непокриени загуби до денот на билансот на состојба.

## 3.10 Придонеси за пензиско-инвалидско осигурување и обврски по основ на престанок на работниот однос

Агенцијата врши уплата на придонесите за пензинско и инвалидско осигурување на вработените во согласност со домашната законска регулатива. Придонесите, засновани на платите на вработените, се уплатуваат во националниот фонд и преку него до приватни пензиски фондови за поедини вработени. Агенцијата нема никакви дополнителни обврски поврзани со плаќањето на овие придонеси.

Агенцијата е обврзана да им исплати на вработените кои заминуваат во пензија минимална отпремнина која одговара на двемесечни просечни плати исплатени во државата во моментот на пензионирање. Агенцијата нема направено резервирање за ова право на вработените бидејќи се смета дека сумата е незначајна за финансиските извештаи и веројатноста за нивно настанување во моментов е мала.

## 3.11 Данок на добивка

Со 31.12.2022 секој организационен облик на организација и друга форма на здружување, регистрирани согласно со Законот за здруженија и фондации стануваат обврзници за пресметување и плаќање данок на вкупен приход, доколку вкупниот годишен приход од стопанската дејност е поголем од 1.000.000 денари. Основа за пресметување е вкупниот годишен приход од стопанската дејност намален за 1.000.000 денари по стапка од 1%.

# 4 ПРИХОДИ ОД УСЛУГИ

Согласно чл.108/1 од Законот за железнички системи дел од средствата за вршење на дејноста се обезбедуваат од годишна такса за регулирање на пазарот од управителите на инфраструктурата и превозниците, односно Железници на Република Северна

Македонија Транспорт АД Скопје и Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје.

Основица за пресметување на годишната такса е 1.5% од остварениот годишен надомест за користење на железничката инфраструктура од минималниот пакет на услуги и пристапот по пруга до услужните објекти (чл.108/4).

Вкупните приходи од наплатен надомест до 31 јануари 2023 година евидентирани согласно модифицираното начело опишано во белешка 3.1 по корисник се презентирани во следната табела:

*во илјади денари*

| **Годишна такса** | **2022** | **2021** |
|---|---|---|
| Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД Скопје | 6.038 | 6.206 |
| Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје | 1.600 | 1.528 |
| **Вкупно** | **7.639** | **7.734** |

Приход од наплатената годишна такса од ЈП Ж РСМ –Скопје во износ од 6.038 илјади денари се однесува на дел од такса за 2020 година и дел од 2021 година.

## 5 МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ И УСЛУГИ

*во илјади денари*

| **Опис** | **2022** | **2021** |
|---|---|---|
| Потрошени материјали | 167 | 240 |
| Потрошена енергија | 149 | 124 |
| Одржување на средствата | 7 | 6 |
| Останати материјални расходи | 384 | 436 |
| **Вкупно** | **707** | **806** |

## 6 ДРУГИ РАСХОДИ

*во илјади денари*

| **Опис** | **2022** | **2021** |
|---|---|---|
| Провизија платен промет | 26 | 22 |
| Премии за осигурување | 9 | 9 |
| Дневници за службено патување и патни трошоци | 105 | 2 |
| Надоместоци на трошоци за вработените | 675 | 179 |
| Интелектуални и други услуги | 573 | 725 |
| Обуки | 25 | 21 |
| Надоместок за УО | 863 | 465 |
| Истражување на пазарот | 72 | 71 |
| Консултантски услуги | 120 | 69 |
| Други услуги | 21 | 2 |
| **Вкупно** | **2.490** | **1.565** |

## 7 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

*во илјади денари*

| Опис | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| Средства за опрема | 304 | 49 |
| **Вкупно** | **304** | **49** |

## 8 ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА

Износот на вкалкуллирани плати за 2022 година изнесува 2.566 илјади денари (2021: 2.566 илјади денари).

*во илјади денари*

| Опис | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| Нето плати | 1.961 | 1.690 |
| Даноци и придонеси од плата | 1.017 | 876 |
| **Вкупно** | **2.979** | **2.566** |

Платите и надоместоците на вработените се пресметани и исплатени во согласност со Правилникот за плати и други надоместоци на вработените во Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор и Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платата на вработените во Агенцијата. Бројот на вработени на 31.12.2022 е 3 лица (2021: 3 лица).

## 9 НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА

Почетната состојба, промените во текот на 2022 година и состојбата на нетековните средства на 31.12.2022 е следна:

*во илјади денари*

| Опис | Нематеријални средства | Опрема | Канцелариски мебел | Вложување во недвижности | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | |
| Состојба со 01.01.2022 | 432 | 1.294 | 884 | 4.324 | 6.934 |
| Зголемувања во текот на годината | - | 304 | - | - | 304 |
| Ревалоризација на средства | 86 | 256 | 175 | 856 | 1.373 |
| **Состојба со 31.12.2022** | **518** | **1.855** | **1.060** | **5.180** | **8.613** |
| Состојба со 01.01.2021 | 376 | 1.083 | 769 | 3.760 | 5.988 |
| Зголемувања во текот на годината | - | 48 | - | - | 48 |
| Ревалоризација на средства | 56 | 163 | 115 | 564 | 898 |
| **Состојба со 31.12.2021** | **432** | **1.294** | **884** | **4.324** | **6.934** |
| **Акумулирана исправка на вредноста** | | | | | |
| Состојба со 01.01.2022 | (432) | (1.155) | (866) | (3.232) | (5.685) |
| Трошок за годината-аморт. | - | (39) | (7) | (422) | (468) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Равалоризација на исправка | (86) | (236) | (173) | (724) | (1.219) |
| **Состојба со 31.12.2022** | **(518)** | **(1.430)** | **(1.046)** | **(4.378)** | **(7.372)** |
| Состојба со 01.01.2021 | (376) | (979) | (732) | (2.434) | (4.521) |
| Трошок за годината-аморт. | - | (25) | (21) | (376) | (422) |
| Равалоризација на исправка | (56) | (151) | (113) | (422) | (742) |
| **Состојба со 31.12.2021** | **(432)** | **(1.155)** | **(866)** | **(3.232)** | **(5.685)** |
| **Состојба со 31.12.2022** | **0** | **425** | **14** | **802** | **1.241** |
| **Состојба со 31.12.2021** | **0** | **139** | **18** | **1.092** | **1.249** |

Врз основа на Одлука на Владата на Република Северна Македонија од 19.05.2009 година на Агенцијата и е дадено право на користење на имот деловен простор со површина од 180 м2 по имотен лист бр.9162 во сопственост на Република Северна Македонија. Имотот не е евидентиран во книгите на Агенцијата.

## 10 ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

*во илјади денари*

| **Опис** | **2022** | **2021** |
|---|---|---|
| Денарски сметки во банка | 11.663 | 10.390 |
| Денарска благајна | 5 | 2 |
| **Вкупно** | **11.668** | **10.392** |

## 11 ПОБАРУВАЊА ЗА ГОДИШНА ТАКСА

Согласно чл.108/1 од Законот за железнички системи дел од средствата за вршење на дејноста се обезбедуваат од годишна такса за регулирање на пазарот од управителите на инфраструктурата и превозниците. Истите се должни двапати годишно најдоцна до 31 март и 30 септември на сметката на Агенцијата да ја платат таксата.

Годишната такса за регулирање на пазарот на железничките услуги за 2022 година на 23.02.2022 е утврдена на износ од 5.334 илјади денари. Со 30% од утврдениот износ е задолжена ЈП Ж РСМ -Скопје, а со 70%, е задолжена ЖРСМ Транспорт АД-Скопје.

Побарувањата на Агенцијата на 31.12.2022 за годишна такса изнесува 4.800 илјади денари (2021: 7.104 илјади денари).

Спецификацијата на побарувањата за годишна такса се следни:

*во илјади денари*

| **Побарувања за годишна такса** | **2022** | **2021** |
|---|---|---|
| Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД Скопје | 4.800 | 7.104 |
| Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје | - | - |
| **Вкупно** | **4.800** | **7.104** |

Доспеаноста на побарувањата со 31.12.2022 е презентирана во табелата подолу:

| Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД Скопје | до 3 месеци | до 9 месеци | Над 1 година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Решение за такса - 2021 | - | - | 1.066 | **1.066** |
| Решение за такса - 2022 | 1.867 | 1.867 | - | **3.734** |
| **Вкупно** | **1.867** | **1.867** | **1.066** | **4.800** |

## 12 ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА И АВР

*во илјади денари*

| Опис | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| Побарувања од државата за повеќе платени даноци и придонеси | 21 | 21 |
| **Вкупно** | **21** | **21** |

## 13 ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА

*во илјади денари*

| Опис | Деловен фонд и ревалоризациона резерва | Резервен фонд | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2022** | **943** | **307** | **1.249** |
| Амортизација на материјални и нематеријални средства | (375) | (92) | (467) |
| Набавка на основни средства | 304 | - | 304 |
| Ревалоризација на материјални и нематеријални средства | - | 155 | 155 |
| **Состојба со 31.12.2022** | **872** | **370** | **1.241** |
| **Состојба со 01.01.2021** | **1.259** | **208** | **1.466** |
| Амортизација на материјални и нематеријални средства | (364) | (58) | (422) |
| Набавка на основни средства | 48 | - | 48 |
| Ревалоризација на материјални и нематеријални средства | - | 157 | 157 |
| **Состојба со 31.12.2021** | **943** | **307** | **1.249** |

## 14 ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ

Обврските спрема добавувачи на 31.12.2022 изнесуваат 354 илјади денари (2021: 110 илјади денари).

## 15 ОБВРСКИ СПРЕМА ДРЖАВАТА

*во илјади денари*

| Опис | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| Обврски за персонален данок | - | 8 |
| Обврски за данок на добивка | 66 | 67 |
| **Вкупно** | **66** | **75** |

## 16 ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ

*во илјади денари*

| Опис | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| Обврски спрема членови на УО | - | 65 |
| Обврски за плати | 252 | 239 |
| **Вкупно** | **252** | **304** |

Обврските за плата се однесуваат на платата за декември 2022. Истите се исплатени во рамките на законскиот рок, на 03.01.2023 година.

## 17 ПАСИВНИ ВРЕМЕСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА

Пасивните временски разграничувања во износ од 4.300 илјади денари (2021: 6.604 илјади денари) преставуваат одложени приходи поради побарувањата кон Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД Скопје кои се настанати, но ненаплатени до 31.01.2023 година за годишна такса за користење на железничката инфраструктура.

*во илјади денари*

| Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД Скопје | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| Решение за такса - 2020 | - | 3.038 |
| Решение за такса - 2021 | 566 | 3.566 |
| Решение за такса - 2022 | 3.734 | - |
| **Вкупно** | **4.300** | **6.604** |

*во илјади денари*

| Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| Решение за такса - 2022 | - | - |
| **Вкупно** | **-** | **-** |
| **Севкупно** | **4.300** | **6.604** |

## 18 ДАНОК НА ВКУПЕН ПРИХОД

На 31.12.2022 година основа за пресметување на данокот е вкупниот годишен приход од стопанската дејност намален за 1.000.000 денари по стапка од 1%.

| | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| Вкупни приходи од стопанска дејност | 7.639 | 7.734 |
| Намалување на приходот согласно чл.4а од Законот | (1.000) | (1.000) |
| Даночна основа | 6.639 | 6.734 |
| **Годишен данок на вкупен приход 1%** | **66** | **67** |

## 19 НЕИЗВЕСНИ ОБВРСКИ

Потенцијални и неизвесни обврски се евидентираат и прикажуваат во финансиските извештаи доколку постои веројатност за идни одливи на средства кои вклучуваат економски користи и доколку постои можност за разумна проценка на износот.

Агенцијата смета дека не постојат потенцијални обврски во смисла на судски спорови каде истото е тужено од страна на други субјекти, ниту пак има дадено гаранции за други друштва.

## 20 НАСТАНИ ПО ДАТУМОТ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Нема настани по датумот на билансот на состојба кои треба да бидат обелоденети во овие финансиски извештаи.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
AGJENCIA PËR RREGULLIMIN E SEKTORIT HEKURUDHOR
Бр.-Nr. 05-40/2
20 02 2023 год.-viti
Скопје-Shkup

Период | Контролор

| 0 | 0 | 0 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |

Вид работа

| 0 | 6 | 4 | 5 | 8 | 8 | 0 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |

Идентификационен број (ЕМБС)

| 2 | 1 | 0 | 0 | 6 | 4 | 5 | 8 | 8 | 0 | 7 | 0 | 1 | 9 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 |

Резервни кодекси

Назив на непрофитната организација: **Агенција за регулирање на железничкиот сектор**

Седиште: **Скопје**

Адреса и телефон: ул.Мито Хаџи Василев Јасмин бр.52 1/4 02/3220-407

Единствен даночен број: 4 0 8 0 0 0 9 5 0 1 0 6 0

Адреса за е-пошта: arpz@arpz.mk

# БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ

во периодот од **1 јануари** до **31.12. 2022 година**

(во денари)

| Ред. бр. | ПОЗИЦИЈА | Ознака за АОП | Износ Претходна година | Износ Тековна година |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | **I. РАСХОДИ**<br>МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА (202 до 210) | 201 | **806,016** | **706,609** |
| 1. | Потрошени материјали | 202 | 239,902 | 166,677 |
| 2. | Потрошена енергија | 203 | 123,566 | 149,416 |
| 3. | Други услуги | 204 | 426,893 | 364,396 |
| 4. | Превозни - транспортни услуги | 205 | | |
| 5. | Издадоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 206 | 15,655 | 26,120 |
| 6. | Амортизација | 207 | | |
| 7. | Набавна вредност на продадените материјали, стоки и услуги | 208 | | |
| 8. | Наемнини | 209 | | |
| 9. | Други материјални расходи | 210 | | |
| | ДРУГИ РАСХОДИ (212 до 221) | 211 | **1,565,322** | **2,489,896** |
| 10. | Провизии за платниот промет | 212 | 22,573 | 25,759 |
| 11. | Камати на кредити и заеми | 213 | | |
| 12. | Премии за осигурување | 214 | 8,944 | 8,994 |
| 13. | Дневници за службено патување и патни трошоци | 215 | 1,812 | 105,195 |
| 14. | Надоместоци на трошоците на работниците и граѓаните | 216 | 178,987 | 674,801 |
| 15. | Негативни курсни разлики | 217 | | |
| 16. | Членарини | 218 | | |
| 17. | Други расходи | 219 | 1,353,006 | 1,675,147 |
| 18. | Издатоци за меѓународна соработка | 220 | | |
| 19. | Пренесени средства | 221 | | |
| | КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА (223 + 224 + 225) | 222 | **48,525** | **304,269** |
| 20. | а) Средства за градежни објекти | 223 | | |
| 21. | б) Средства за опрема | 224 | 48,525 | 304,269 |
| 22. | в) Други капитални средства | 225 | | |
| | ПОМОШТИ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ (227 + 228 +229) | 226 | **0** | **0** |
| Ред | | Ознака | Износ | |

| Ред. бр. | П О З И Ц И Ј А | Ознака на АОП | Претходна година | Тековна година |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 23. | а) Помошти, донации и други давања на правни субјекти | 227 | | |
| 24. | б) Надомести и помошти на физички лица | 228 | | |
| 25. | в) Други помошти давања | 229 | | |
| | ПЛАТИ И НАДОМЕСТ НА ПЛАТИ (231 + 232) | 230 | **2,566,324** | **2,978,771** |
| 26. | а) Вкалкулирани плати | 231 | **2,566,324** | **2,978,771** |
